Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Сектор за соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи
Sektori për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale dhe Mbikëqyrjen Administrative
Одделение за соработка со локална самоуправа
Departamenti për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale

Арх.бр: 18-1169/1
Дата: 10-03-2026

Num. i ark:
Data:

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), член 128 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РСМ" бр. 216/21), член 225 од Законот за води („Службен весник на РСМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21), член 73 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на РСМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21) и член 12 став 3 точка 2 и член 41 од Законот за урбано зеленило („Службен весник на РСМ" бр. 11/18 и 42/20), министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот:

Në bazë të nenit 210 dhe 211 të Ligjit për Mjedisin Jetësor („Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 171/223/25 124/25), nenit 128 të Ligjit për Menaxhimin e Mbeturinave („Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 216/21), nenit 225 të Ligjit për Ujërat („Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 dhe 151/21), nenit 73 të Ligjit për Cilësinë e Ajrit Ambiental („Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 dhe 151/21) dhe nenit 12 paragrafi 3 pika 2 dhe nenit 41 të Ligjit për Gjelbërimin Urban („Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 11/18 dhe 42/20), Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor miratoi këtë:

# ПЛАН
## за вршење надзор над законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2026 година

# PLAN
## për kryerjen e mbikëqyrjes së ligjshmërisë së punës së organeve të komunave, të Qytetit të Shkupit dhe të komunave në Qytetin e Shkupit për vitin 2026

### Член 1

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст на Планот – МЖСПП) врши надзор над законитоста на работата на органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

### Neni 1

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (në tekstin e mëtejmë të Planit – MMJPH) kryen mbikëqyrje mbi ligjshmërinë e punës së organeve të komunave, Qytetit të Shkupit dhe komunave në Qytetin e Shkupit.

### Член 2

Надзорот над законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје се заснова на начелата на законитост, одговорност и

### Neni 2

Mbikëqyrja mbi ligjshmërinë e punës së organeve të komunave, të Qytetit të Shkupit dhe komunave në Qytetin e Shkupit bazohet në parimet e ligjshmërisë, përgjegjësisë dhe


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

pavarësisë në ushtrimin e kompetencave të tyre.

**Член 3**

Надзорот над законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје во текот на 2026 година, МЖСПП ќе го спроведе во следните надлежности:

1.Постапка за спроведување на стратегиска оцена;

2.Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и нејзино следење;

3.Надзор над надлежностите од областа на управувањето со отпад;

4.Надзор над надлежностите од областа на заштитата на водите;

5.Надзор над надлежностите од областа на Законот за квалитет на амбиентниот воздух;

6.Надзор над надлежностите од областа на Законот за урбано зеленило.

**Neni 3**

Mbikëqyrjen mbi ligjshmërinë e punës së organeve të komunave, të Qytetit të Shkupit dhe komunave në Qytetin e Shkupit gjatë vitit 2025, MMJPH do ta realizojë në këto fusha të kompetencave:

1.Procedura për zbatimin e vlerësimit strategjik;

2.Procedura për lëshimin e lejes ekologjike të integruar të tipit B dhe monitorimi i saj;

3.Mbikëqyrja e kompetencave nga fusha e menaxhimit të mbeturinave;

4.Mbikëqyrja e kompetencave nga fusha e mbrojtjes së ujërave;

5.Mbikëqyrja e kompetencave nga fusha e Ligjit për Cilësinë e Ajrit Ambiental;

6.Mbikëqyrja e kompetencave nga fusha e Ligjit për Gjelbërimin Urban.

**Член 4**

Во текот на 2026 година, надзорот над законитоста на работата ќе се изврши во следните општини и општини во Градот Скопје:
(се наведуваат општините)

1.Куманово
2.Велес
3.Гевгелија
4.Росоман
5.Кривогаштани
6. Виница
7. Шуто Оризари
8. Охрид
9. Струга
10. Кочани

**Neni 4**

Gjatë vitit 2026, mbikëqyrja mbi ligjshmërinë e punës do të kryhet në komunat dhe komunat në Qytetin e Shkupit si vijon:
(përcaktohen komunat)

1.Kumanovë
2.Veles
3.Gjevgjeli
4.Rosoman
5.Krivogashta
6. Vinicë
7. Shuto Orizre
8. Ohër
9. Strug
10. Kocan


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**Член 5**

Заради остварување на надзорот од член 1 на овој План, министерот за животна средина и просторно планирање формира Комисија составена од државни службеници вработени во МЖСПП кои работат во областите наведени погоре. Во составот на Комисијата најмалку двајца државни службеници се од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи.

**Neni 5**

Për realizimin e mbikëqyrjes nga neni 1 i këtij Plani, Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor formon Komision të përbërë nga nëpunës shtetërorë të punësuar në MMJPH, të cilët punojnë në fushat e cekura më sipër. Në përbërje të Komisionit, së paku dy nëpunës shtetërorë janë nga radhët e të punësuarve në Sektorin për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale dhe Punë Administrative dhe Mbikëqyrëse.

**Член 6**

Комисијата ќе ги извести надлежните лица во општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје кои се предмет на надзор, најмалку 15 дена пред извршувањето на надзорот.

**Neni 6**

Komisioni do t'i njoftojë personat përgjegjës në komunat, Qytetin e Shkupit dhe komunat në Qytetin e Shkupit që janë objekt i mbikëqyrjes, së paku 15 ditë para kryerjes së mbikëqyrjes.

**Член 7**

За секој извршен надзор, Комисијата од член 5 на овој План ќе изготви Извештај за извршен надзор со препораки и/или укажувања за натамошно постапување, кој ќе биде објавен на веб-страницата на МЖСПП.

**Neni 7**

Për çdo mbikëqyrje të kryer, Komisioni nga neni 5 i këtij Plani do të përgatisë Raport për mbikëqyrjen e kryer me rekomandime dhe/ose udhëzime për veprime të mëtejme, i cili do të publikohet në faqen zyrtare të internetit të MMJPH-së.

**Член 8**

Надзорот кој е предмет на овој План ќе заврши заклучно со 31.12.2026 година.

**Neni 8**

Mbikëqyrja që është objekt i këtij Plani do të përfundojë më 31.12.2026.

**Член 9**

По извршувањето на надзорот, Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да го информира Министерството за локална самоуправа и Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и

**Neni 9**

Pas kryerjes së mbikëqyrjes, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor është e obliguar ta njoftojë Ministrinë e Vetëqeverisjes Lokale dhe Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut për masat dhe aktivitetet e ndërmarra.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

активности.

**Член 10**

По извршувањето на надзорот, Министерството за животна средина и просторно планирање е должно на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје кај кои е извршен надзорот да им достави укажување за евентуално констатираните недостатоци и да им определи рок за нивно отстранување.

**Neni 10**

Pas kryerjes së mbikëqyrjes, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor është e obliguar komunës, Qytetit të Shkupit dhe komunave në Qytetin e Shkupit ku është kryer mbikëqyrja t'u dorëzojë udhëzim për mangësitë eventuale të konstatuara dhe t'u caktojë afat për eliminimin e tyre.

**Член 11**

Координацијата на спроведувањето на надзорот ја врши Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи, односно Одделението за соработка со локална самоуправа при МЖСПП.

**Neni 11**

Koordinimin e zbatimit të mbikëqyrjes e kryen Sektori për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale dhe Punë Administrative dhe Mbikëqyrëse, përkatësisht Njësia për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale pranë MMJPH-së.

**Член 12**

Комисијата може да го спроведе надзорот електронски или писмено, со доставување прашалници до општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, на нивните адреси, со барање истите да бидат пополнети, врз основа на што ќе се изготви Извештајот за извршениот надзор за 2026 година.

**Neni 12**

Komisioni ka mundësi që mbikëqyrjen ta realizojë në mënyrë elektronike ose me shkrim, duke dërguar pyetësorë në komunat, Qytetin e Shkupit dhe komunat në Qytetin e Shkupit, në adresat e tyre, me kërkesë për plotësimin e tyre, në bazë të së cilës do të përgatisë Raportin për mbikëqyrjen e kryer për vitin 2026.

**Член 13**

Овој План се објавува на веб-страницата на МЖСПП.

**Neni 13**

Ky Plan publikohet në faqen zyrtare të internetit të MMJPH-së.

**Министер/Ministër,**
**Muamet Hoxha**

Изработил/Përpiloi: Соработник
Lumni Jashari
Контролирал/Kontrolloi Одделение/Сектор
Тања Кироска Донски
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk